MACEDONIAN

# Final apprehended domestic violence order

*Crimes (Domestic and Personal Violence) Act 2007*

Овој документ не е пропишан со закон. Тој е наменет да ви помогне да го разберете судскиот налог.

Морате да ги почитувате налозите што ги издал судот/полицијата. Ако не ги почитувате налозите издадени од суд/полиција, тогаш правите кривичен прекршок.

**Мора да ги почитувате долунаведените налози. Непочитувањето на овие налози е противзаконско. Полицијата може да Ве уапси, да Ве обвини за кривично дело и да Ве изведе пред суд. Ако судот одлучи дека сте виновни, може да отидете во затвор во времетраење до 2 години и да добиете парична казна во износ до 5.500 долари.**

**Исто така, може да бидете обвинети и изведени пред суд за други кривични прекршоци. Ако судот утврди дека сте виновни за овие прекршоци, тогаш може да добиете многу поголема казна.**

Мора да ги почитувате овие налози до датумот што е прикажан на документот.

Налозите се издаваат за да се заштитат лицата кои се наведени во документот.

Мора да ги почитувате овие налози дури и ако заштитеното лице кое е наведено во документот не сака да го правите тоа или ако Ви каже дека не треба да ги почитувате налозите. Ако се обидете да направите било која од долунаведените работи, тоа се уште ќе биде противзаконско и ќе значи дека сте го прекршиле налогот.

## Налози за однесување

1. Не смеете да им ги правите следните работи на заштитените лица, или било кое лице со кое тие се во семејни врски:

A) да ги напаѓате или да им се заканувате,

B) да ги следите, малтретирате или да ги заплашувате, и

C) намерно или неомислено да уништувате или оштетувате имот што му припаѓа или е во сопственост на заштитеното лице.

> На пример:
>
> - Не смеете да правите ниту една од овие работи лично, преку друго лице или преку средствата за комуницирање по електронски пат (на пример, преку телефон, текст пораки, електронска пошта, Facebook или други социјални медиуми, или да го следите лицето преку GPS).

NSW Police Force

women's domestic violence court advocacy services

Legal Aid NEW SOUTH WALES

NSW Justice

Овој документ не е пропишан со закон. Тој е наменет да ви помогне да го разберете судскиот налог.

Морате да ги почитувате налозите што ги издал судот/полицијата. Ако не ги почитувате налозите издадени од суд/полиција, тогаш правите кривичен прекршок.

- Не смеете да направите или кажете нешто што може да предизвика заштитеното лице да чувствува страв, или да чувствува дека на било каков начин може да го повредите или да ги оштетите неговите/нејзините лични работи, вклучувајќи било каков имот или домашни галеничиња во заедничка сопственост.

## Налози за контактирање

2. Не смеете да им пријдете на заштитените лица или да ги контактирате на било каков начин, освен ако контактот се остварува преку адвокат.

На пример:

- Не смеете да му пријдете или да го контактирате заштитеното лице лично или преку средствата за комуницирање по електронски пат (на пример, преку телефон, текст пораки, електронска пошта, или Facebook или други социјални медиуми) или на било каков друг начин, вклучувајќи друго лице што сте го замолиле да го контактира заштитеното лице.
- Ако заштитеното лице ве контактира и ако Вие одговорите, без разлика колку пати тој/таа ќе Ве контактира или зошто, Вие ќе го прекршите овој налог.

3. Не смеете да приоѓате до:

A) училиштето или друго место каде што заштитеното лице можеби посетува настава,
B) било кое место каде што тој/таа можеби ги носи децата во дневен престој, или
C) било кое друго место кое е наведено во налогот.

На пример:

- Не смеете лично да приоѓате до овие места,
- Тоа исто така значи дека не можете да присуствувате на школски приредби, посебни школски настани или родителски состаноци во училиштето.

Овој документ не е пропишан со закон.  Тој е наменет да ви помогне да го разберете судскиот налог.

Морате да ги почитувате налозите што ги издал судот/полицијата. Ако не ги почитувате налозите издадени од суд/полиција, тогаш правите кривичен прекршок.

4. Не смеете да му се приближувате на заштитеното лице или да бидете во друштво со него/неа најмалку 12 часа откако сте пиеле алкохол или сте зеле забранета дрога.

На пример:

- Не смеете да му се приближувате на заштитеното лице или да бидете во друштво со него/неа најмалку 12 часа откако сте пиеле алкохол или сте зеле забранета дрога.  На пример,  ако сте ја испиле последната чаша алкохол во 9 ч. навечер, тогаш не можете да се приближите до лицето, неговиот/нејзиниот дом или местото каде што работи до 9 ч. наутро следниот ден. Ако живеете заедно, тогаш мора да најдете друго место каде што ќе можете да престојувате 12 часа.
- Не смеете да пете алкохол или да земате забранета дрога заедно со заштитеното лице.
- Мора да бидете на друго место дури и ако заштитеното лце Ве замоли да не си одите.

5. Не смеете да се обидете да го најдете заштитеното лице освен на начин кој ќе го наложи судот.

На пример

- Не смеете да се обидете да го најдете заштитеното лице преку средствата за комуницирање по електронски пат (на пример, преку телефон, електронска пошта, текст пораки, или Facebook или други социјални медиуми), преку Интернет или да се распрашувате кај други дали знаат каде се наоѓа заштитеното лице.

## Налози издадени според законот за семество за одгледување на децата

6. Не смеете да му се приближувате на заштитеното лице или на било каков начин да го контактирате, освен ако контактот го остварувате:
   - ❑ A) преку адвокат, или
   - ❑ B) за да отидете на советување, посредување и/или разрешување на спор со акредитирано лице или според наредба од судот, или
   - ❑ C) како што наредил овој или некој друг суд за остварување на контакт со детето/децата, или
   - ❑ D) како што Вие и родителот (родителите) сте се договориле по писмен пат во врска со контактирање на детето/децата, или

❑ Е) како што сте се договориле по писмен пат со родителот (родителите) и лицето кое е одговорно за одгледување на детето/децата, во врска со контактирање на детето/децата.

На пример:

- Не смеете да му се приближувате на заштитеното лице или да го контактирате лично или преку средствата за комуницирање по електронски пат ( на пример, преку телефон, текст пораки, електронска пошта, или Facebook или други социјални медиуми) или на било каков друг начин, вклучувајќи да замолите некој друг да го контактира заштитеното лице.

- Ако заштитеното лице Ве контактира и ако Вие одговорите, без разлика колку пати тој/таа ќе Ве контактира или зошто, ќе го прекршите овој налог и можеби ќе треба да отидете на суд.

- Ако сте добиле налог според законот за семејство или било каков друг судски налог во врска со одгледувањето на детето/децата, треба да контактирате адвокат ако не сте сигурни што можете и што не можете да правите.

**За (В):** За работи во врска со законот за семејство, терминот 'акредитирано лице' се однесува на акредитација дефинирана со *Законот за семејно право од 1975*.

**За (Е):** На пример, ако Вие и заштитеното лице имате дете/деца, меѓутоа некое друго лице е одговорно за одгледување на детето/децата, тогаш мора да добиете писмена согласност од тоа лице во врска со контактирањето на детето/децата. Тоа лице може да биде претставник на Министерот за семејни и услуги во заедницата, законски старател кој е назначен со судски налог или од страна на родител кој го посвоил детето/децата.

## Налози во врска со местата каде што не можете да одите

7. Не смеете да живеете:

А) на истата адреса каде што живее заштитеното лице, или

В) во било кое од местата наведени во налогот.

На пример:

- Ако живеете на оваа адреса и треба да земете било какви лични работи, можете да поднесете молба до судот за да добиете Налог за враќање на имот со кој ќе можете да си ги земете работите што Ви припаѓаат Вам или можете да ја контактирате полицијата.

Овој документ не е пропишан со закон. Тој е наменет да ви помогне да го разберете судскиот налог.

Морате да ги почитувате налозите што ги издал судот/полицијата. Ако не ги почитувате налозите издадени од суд/полиција, тогаш правите кривичен прекршок.

8. Не смеете да одите на:
А) било кое место каде што живее заштитеното лице, или
В) било кое место каде што тој/таа работи, или
С) било кое од местата наведени во налогот.

На пример:

- Не Ви е дозволено да влезете во границите на овие места.
- Ако живеете на оваа адреса и треба да земете било какви лични работи, можете да поднесете молба до судот за да добиете Налог за враќање на имот, со кој ќе можете да си ги земете работите што Ви припаѓаат Вам или можете да ја контактирате полицијата.

9 Морате да се придржувате на оддалеченоста (во метри) утврдена со налогот од:

А) било кое место каде што живее заштитеното лице, или
В) било кое место каде што тој/таа работи, или
С) било кое место наведено во налогот.

На пример:

- Не смеете да пријдете помалку од 100 метри од границата на овие места.
- Ако живеете на оваа адреса и треба да земете било какви лични работи, можете да поднесете молба до судот за да добиете Налог за враќање на имот, со кој ќе можете да си ги земете работите што Ви припаѓаат Вам или можете да ја контактирате полицијата.

## Налози во врска со поседување на оружје

10. Не смеете да поседувате огнено оружје или недозволени видови на оружје кои се наведени во Законот за забрана на поседување на оружје од 1998.

Овој документ не е пропишан со закон.  Тој е наменет да ви помогне да го разберете судскиот налог.

Морате да ги почитувате налозите што ги издал судот/полицијата. Ако не ги почитувате налозите издадени од суд/полиција, тогаш правите кривичен прекршок.

На пример:

- На полицијата мора да им ги предадете сите огнени оружја и недозволените видови на оружје кои се наведени во Законот за забрана на поседување на оружје од 1998. Ако поседувате оружје, тогаш станува збор за посебно кривично дело.  Прашајте го полицискиот службеник ако не сте сигурни каков вид на оружје не треба да поседувате.

**Други налози**

11. Полицијата или судот може да издадат други налози кои конкретно ќе важат за Вас или Вашето семејство.

Повеќето врски меѓу партнерите не вклучуваат страв, контролирање  или насилство. Вашето однесување е неприфатливо.  Сега го добивте овој налог кој мора да го почитувате. Овој налог е заведен во компјутерскиот систем на Полицијата на Нов Јужен Велс.

Насилството во домот влијае врз сите членови на семејството и ги повредува. Кога децата се изложени на насилство дома, тогаш постои поголема веројатност дека тие ќе страдаат од депресија, нервна растроеност и агресија, а може да имаат и проблеми на училиште.

Ова е можност да ја измените ситуацијата.

Ако сакате да разговарате со некое лице за тоа како да ги контролирате вашите чувства или притисок, можете да добиете помош. Телефонирајте на:

- Men’s Referral Service on 1300 766 491 - служба што им помага на мажите да добијат поддршка
- Relationships Australia on 1300 364 277 - служба за поддршка на семејства
- The Parent Line on 1300 1300 52 - служба за поддршка на родители

# Final apprehended domestic violence order

*Crimes (Domestic and Personal Violence) Act 2007*

Овој документ не е пропишан со закон. Тој е наменет да ви помогне да го разберете судскиот налог.

Морате да ги почитувате налозите што ги издал судот/полицијата. Ако не ги почитувате налозите издадени од суд/полиција, тогаш правите кривичен прекршок.

Ако не ги правите работите кои се наведени во овој налог:

- Може да отидете на издржување на затворска казна во времетреање до 2 години и да платите казна до 5.500 долари.

- Може да Ве обвинат и да Ве изнесат пред суд заради други кривични дела (на пример, физички напад или заплашување), како и заради прекршување на овој налог. Ако судот одлучи дека сте виновни за извршувањето на овие прекршоци, тогаш може да добиете повисока казна, на пример подолга затворска казна.

Веднаш однесете го во полиција сето огнено оружје што го поседувате како и оружјето кое е наведено во списокот на Законот за забрана на поседување на оружје од 1998, заедно со со соодветните дозволи. Ако зачувате било какво оружје, можеби ќе го прекршете овој налог и може да Ве обвинат за извршување на други кривични дела.

Ако имате било какви прашања во врска со налогот, можете да ги контактирате следните лица/служби:

- адвокат

- Служба за правна помош во Нов Јужен Велс (**Legal Aid NSW**) на (02) 9219 5000

- Локалната полициска станица и побарајте да Ве поврзат со Службеник за врски со заедницата за домашно насилство (**Domestic Violence Liaison Officer)** (ако сте заштитеното лице)

- Служба за правни услуги во Нов Јужен Велс (**Law Access NSW**) на 1300 888 529 или на www.lawaccess.nsw.gov.au

- Служба за усно преведување на 131 450 или на www.tisnational.gov.au

NSW Police Force

women's domestic violence court advocacy services

Legal Aid

NSW Justice